**Известување за концентрација со која Делта Реал Естате ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД) Република Србија, стекнува самостојна контрола над ГРАДЕЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ РАД ОПШТЕСТВЕНО ПРЕТПРИЈАТИЕ БЕЛГРАД (СТАРИ ГРАД) - ВО СТЕЧАЈ Белград, Република Србија**

**(предмет бр. 08-68/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 26.03.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Делта Реал Естате ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД) со седиште на адреса Владимир Поповиќ бр. 8а, 11070 Нови Белград, Република Србија стекнува самостојна контрола над ГРАДЕЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ РАД ОПШТЕСТВЕНО ПРЕТПРИЈАТИЕ БЕЛГРАД (СТАРИ ГРАД) - ВО СТЕЧАЈ, со седиште на адреса Косовска бр. 31, Белград, Република Србија.

Делта Реал Естате ДОО БЕЛГРАД е под конечна контрола од Делта Холдинг Груп. Основна дејност е консултантски активности поврзани со бизнис и друг менаџмент.

Делта Холдинг Груп има зависно друштво во Република Северна Македонија со назив Друштвото за производство, трговија и услуги АНАНАС МК ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје, со предмет на работење посредување во трговијата со разновидни производи и Друштво за производство, трговија и услуги АНАНАС ШОП ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје, со предмет на работење трговија на мало преку пошта и интернет.

Целното друштво ГРАДЕЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ РАД ОПШТЕСТВЕНО ПРЕТПРИЈАТИЕ БЕЛГРАД (СТАРИ ГРАД) - ВО СТЕЧАЈ е основано на 25 февруари 1947 година во Република Србија. Во изминатиот период друштвото поминало низ бројни трансформации, а во 2001 година била отворена и стечајна постапка. Претежната регистрирана дејност на компанијата е други неутврдени конкретни градежни работи (шифра на дејност: 43.99). Но, целното друштво подолг период пред преземањето на Друштвото што презема, не вршело регистрирани дејности, туку приходите ги остварува исклучиво од издавање на деловен простор со цел да се заврши стечајната постапка. Сопственичката структура на целното друштво пред трансакцијата, односно спроведувањето на концентрацијата, е таква што 100% од основната главнина на целното друштво и припаѓа на Република Србија.

Целното друштво не било активно ниту има регистрирани друштва во Република Северна Македонија во 2023 година.

Што се однесува до географскитот опсег на пазарот за концентрацијата, подносителот смета дека релевантниот географски пазар би требало да се дефинира како *територијата на Република Северна Македонија*.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

05.04.2024 година
Скопје